ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 1 ДАТА 15.01.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 1 ДАТА 15.01.2020 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 14.01.2020 година**

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Фазалију А. Љавдрим го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од ОФС „Гази Баба„ Скопје, фудбалерот Шамоли Дрен од ФК „Работнички АД„ Скопје, поради преминување во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 13.01.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Фидани Н. Амар и Хамити М. Арбен, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од ОФС Гостивар, фудбалерот Алији И. Елмир од ФК „Вардар„ с. Форино, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

**Седница од 13.01.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Стенио Маркос С. Да Фонсека го раскина договорот за вработување на фудблер за професонално занимвање со фудбал, Спогодбено.

- **Испишување на фудбалски клуб од ОФС:**

Се испишува од членство од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово Фудбалскиот клуб „Чаклани„ од с. Палчиште, Општина Боговиње – ОФС Тетово поради преминување со седиште во с. Добри Дол, Општина Врапчиште во Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, врз основа на добиената документација.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерите: Јакупи Б. Премтим од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње, Хусмани Б. Зени и Бериша Н. Јакуп од ФК „Шкденија АД„ од Тетово и Медиу Б. Јусуф од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, поради преминување со регистрацја на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 13.01.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Реџепи Ељдион, Мангоски Лука и Реџепи Ерљинд, по член 35/1.
ЖФК „АСС УНИТЕТ„ Струга: Села Веса, Села Феријете, Села Деа и Мемедова Саиме, по чл. 35/1.

- **Раскин на професионални договори:**

ФК „Струга Трим Лум„ Струга и фудбалерите: Александар Далчески и Христијан Драгарски ги раскинаа договорите за профресионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденцинја на регистрирани фудбалери при ОФС Струга фудбалерите: Даути Фатијан од ФК „Лирија„ с. Загрчани, Ајдари Бесијан и Реџепи Неџми од ФК „Лабуништа 2011„ с. Лабуништа, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 13.01.2020 година**

- **Раскин на професионални договори:**

ФК „Борец 1919„ од Велес и фудбалерите: Стефан Богдановски, Филип Ристовски, Џорџе Ивљанин, Симеон Христов и Филип Петров,Спогодбебно ги раскинаа професионалните договори.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-2290/1-15

Скопје: 06.12.2019 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Бислими Иљхам играч на ФК САРАЈ - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 06.12.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Бислими Иљхам со ИД 141398 играч на ФК САРАЈ - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 01.12.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 12 коло на Трета Лига Помлади Пионери 19/20 помеѓу: ФК ПЛАЧКОВИЦА - ФК САРАЈ одигран на ден 30.11.2019 Година на стадионот во Радовиш ја констатира следната фактичка состојба: Бислими Иљхам со ИД број 141398 исклучен од игра во 63. мин поради неспортско однесување.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Арбен Борова с.р

**Доставено до:**

- ФК САРАЈ - Скопје
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-2290/1-17

Скопје: 06.12.2019 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Стаменовски Валери играч на ФК КАМЕНИЦА САСА - Македонска Каменица врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 06.12.2019 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Стаменовски Валери со ИД 119665 играч на ФК КАМЕНИЦА САСА - Македонска Каменица се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 05.12.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Трета Лига Пионери 19/20 помеѓу: ФК САРАЈ - ФК КАМЕНИЦА САСА одигран на ден 04.12.2019 Година на стадионот во Скопје ја констатира следната фактичка состојба: Стаменовски Валери со ИД број 119665,исклучен од игра во 65. мин поради неспортско однесување кон главниот судија

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- ФК КАМЕНИЦА САСА - Македонска
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседател

Арбен Борова с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2249/3
12.12.2019 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов—член, Сашка Зердеска-член,Дејан Бошков-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2249/1 од 29.11.2019 година против Ф.К.Вардар АД Скопје поради користење на пиротехнички средства на својата навивачка група Комити на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2019 година помеѓу Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Силекс АД на Национална Арена Тодор Проески во Скопје, на седницата одржана, на 12.12.2019 година ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*

1. ***Ф.К.Вардар АД СЕ КАЗНУВА*** *со парична казна во висина од 500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.*
2. ***СЕ ЗАДОЛЖУВАФ.К.Вардар АД*** *, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.*
3. *Одлуката стапува на сила од денот на донесување.*
4. *Одлуката да се објави во Макфудбал.*

### ***Образложение***

*Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2249/1 од 29.11.2019 година против Ф.К.Вардар АД Скопје поради користење на пиротехнички средства на својата навивачка група Комити на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2019 година помеѓу Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Силекс АД на Национална Арена Тодор Проески во Скопје,,постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.*

*Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:*

*За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Вардар АД- Ф.К.Силекс АД одигран во рамки на 16 коло Прва МФЛ на ден 27.11.2019 година во 13.00 часот на Национална Арена Тодор Проески домашната екипа Ф.К.Вардар АД имала редарска служба од лица кои биле распоредени на влезовите на стадионот и на трибинскиот простор ,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 31 лица.*

*Навивачка група Комити во текот на натпреварот одигран во рамки на 16 коло Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2019 година помеѓу Ф Ф.К.Вардар АД-Ф.К.Силекс АД на Национална Арена Тодор Проески,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во 5 минута испукале неколку петарди,во 40 минута навредливо скандирање кон сопственикот на Ф.К.Силекс АД во 73 минута при постигнување на вториот гол запалиле две бакли на трибината каде биле сместени.*

*Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 а вв со член 51 став 1 став 6,од ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот.*

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

*Фудбалска Федерација на Македонија*
*Дисциплинска Комисија*
*Претседавач*
*Арбен Бороваци*

***ДН:***

***Ф.К Вардар АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***Макфудбал***

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2263/3
12.12.2019 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов—-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член ,постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2263/1 од 03.12.2019 година против Ф.К.Дрита АД,поради оштетување на автомобил на службените лица лица за време на натпревар(судии) на натпреварот одигран во рамки на 9 коло Втора МФЛ Запад одигран на ден 20.10.2019 година помеѓу Ф.К.Дрита АД-Ф.К.Охрид Лихнидос на стадион во Боговиње, на седницата одржана ,на 12.12.2019 година ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*

1. ***Ф.К.Дрита АД СЕ КАЗНУВА*** *со парична казна во висина од 500 (Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.*

2. ***СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Дрита АД*** *, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.*

3. *Одлуката стапува на сила од денот на донесување.*

4. *Одлуката да се објави во Макфудбал.*

## *О б р а з л о ж е н и е*

*Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2263/1 од 03.12.2019 година против Ф.К.Дрита АД,поради оштетување на автомобил на службените лица лица за време на натпревар(судии) на натпреварот одигран во рамки на 9 коло Втора МФЛ Запад одигран на ден 20.10.2019 година помеѓу Ф.К.Дрита АД-Ф.К.Охрид Лихнидос на стадион во Боговиње, ,постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај.*

*Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:*

*По завршување на натпреварот и при напуштање на службените простории судиската четворка на чело со главниот судија на натпреварот Мартин Дејаноски од Кичево не била во можност навремено и непречено да го напушти стадионот од причина што на автомобилот со кој биле дојдени на натпреварот му биле оштетени сите четири гуми, судиската четворка настанот го пријавила кај делегатот на натпреварот кој потоа пријавил кај одговорното лице од МВР за натпреварот и бил извршен увид од страна на полицијата каде била констатирана штета на автомобилот при што бил составен записник за настаната штета.*

*Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 9ст.2 од Прпозиции за натпреварување за Втора МФЛ и член 85 ст.8,од ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во*

*предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот*

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

*Фудбалска Федерација на Македонија*
*Дисциплинска Комисија*
*Претседавач*
*Арбен Борова с.р*

*ДН:*

*Ф.К.Дрита АД*
*АРХИВА НА ФФМ*
*Макфудбал*

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2264/3
12.12.2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2264/1 од 03.12.2019 година против Г.Ф.К.Осогово Кочани поради неподмирени трошоци за службените лица(судии,делегат) на натпреварот одигран во рамки на 1/8 финале Куп на Р.М одигран на ден 30.10.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Осогово-Ф.К.Академија Пандев на Градски Стадион во Кочани, на седницата одржана, на 12.12.2019 година ја донесе следната:

# *ОДЛУКА*

1. ***Г.Ф.К.Осогово СЕ КАЗНУВА*** *со парична казна во висина од 500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.*

2. ***СЕ ЗАДОЛЖУВА Г.Ф.К.Осогово*** *, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.*

3. *Одлуката стапува на сила од денот на донесување.*

4. *Одлуката да се објави во Макфудбал.*

## *Образложение*

*Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2264/1 од 03.12.2019 година против Г.Ф.К.Осогово Кочани поради неподмирени трошоци за службените лица(судии,делегат) на натпреварот одигран во рамки на 1/8 финале Куп на Р.М одигран на ден 30.10.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Осогово-Ф.К.Академија Пандев на Градски Стадион во Кочани ,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.*

*Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:*

*За конкретниот натпревар помеѓу Г.Ф.К.Осогово-Ф.К.Академија Пандев на Градски Стадион во Кочани во рамки на 1/8 финале Куп на Р.М на ден 30.10.2019 година во 13.30 часот домашната екипа* ***Г.Ф.К.Осогово*** *не ги подмирила трошоците за службените лица на натпреварот(делегат,судии).*

*Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 17 од Пропозиции за Куп за сезнната 2019/2020за сениори , член 85 ст.8 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.*

*Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.*

***ПРАВНА ПОУКА:** **Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***Фудбалска Федерација на Македонија***
***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Бороваќ с.р***

**ДН:**

**Г.Ф.К.Осогово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**